28.	Титов Велес	0,30	0,30	0,35	0,40	1,35	41600-844-030-58
29.	Штип	0,25	0,30	0,10	0,50	1,15	41400-844-028-58
30.	Центар						40100-844-033-58
31.	Чаир						40100-844-034-58
32.	Гази Баба						40100-844-035-58
33.	Карпош						40100-844-036-58
34.	Кисела Вода						40100-844-037-58
35.	Скопје[1])	1,10	0,10	0,30	0,50	2,00	

[1]) Стапките од Скопје се применуваат на сите пет општини од Скопје, реден број 30 до 34.

9.

Врз основа на одредбите од член 43 став 1 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила во усогласувањето на самоуправното уредување на односите во распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 41/77), Заедничката комисија за општествено договарање, заедно со Службата на општественото книговодство во СР Македонија, го донесува следното

УПАТСТВО

ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА САМОУПРАВНИТЕ СПОГОДБИ ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ И ЧИСТИОТ ДОХОД И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ

1. Со цел да се обезбеди еднообразност во следењето на примената на самоуправните спогодби за распоредување на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи на групациите, гранките и дејностите, со ова упатство се уредува начинот на следењето на примената на самоуправните спогодби.

2. Следењето на примената на самоуправните спогодби се врши со обрасците ПС-1 (пресметка за распоредувањето на чистиот доход) и ПС-2 (пресметка за сведувањето на бројот на работниците на условно неквалификувани работници според квалификационата структура, само за општествените дејности) кои се составен дел на ова упатство.

3. Основните организации и работните заедници опфатени во групациските самоуправни спогодби ќе доставуваат податоци на утврдените обрасци за примената на спогодбите.

4. Податоците на обрасците ПС-1 и ПС-2, основните организации и работните заедници ги доставуваат до надлежната служба на општественото книговодство во роковите пропишани за поднесување на периодичната пресметка и завршната сметка, и тоа образецот ПС-1 во 3 примероци и образецот ПС-2 во 2 примероци. По еден примерок од обрасците ПС-1 и ПС-2, СОК-Централа во Скопје доставува до надлежните органи на групациите.

5. Покрај податоците утврдени во образецот ПС-1, учесниците во самоуправното спогодување можат да искажуваат и други податоци утврдени во нивните самоуправни општи акти и да ги доставуваат до соодветниот орган на групацијата.

6. Службата на општественото книговодство во СР Македонија — Централа во Скопје, образецот ПС-1 ќе го прилагоди за механографска обработка на податоците.

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува почнувајќи со завршните сметки за периодот јануари-декември 1978 година.

8. Со влегувањето во сила на ова упатство, престанува да важи Упатството за следење на примената на самоуправните спогодби за распоредување на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ", бр. 34/1978).

Претседавач
на Заедничката комисија за
општествено договарање,
Андон Мојсов, с. р.

Бр. 12-69
17 јануари 1979 година
Скопје

Образец ПС-1

ООЗТ _____

ОЗТ _____

Работна заедница, односно друг корисник _____

Место _____

Назив на групацијата _____

Ознака (број) на групацијата _____

(Сите парични податоци се внесуваат во динари со пари)

ПРЕСМЕТКА

за распоредување на чистиот доход за периодот од 1. I. до _____ 19____ година

Р. број	Елементи	ИЗНОС	
		Во претход. г.	Во теков. г.
1	2	3	4
1.	Дел од чистиот доход за лични доходи според мерилото од самоуправната спогодба (ред. бр. 1 од пресметката за примена на мерилото)		
2.	Дел од чистиот доход за лични доходи по периодична пресметка односно завршна сметка (ред. бр. 68 + 69 од Б. У.)*)		
3.	Повеќе распоредено средства за лични доходи (ред. бр. 2 минус ред. бр. 1)		
4.	Помалку распоредено средства за лични доходи (ред. бр. 1 минус ред. бр. 2)		

1	2	3	4
5.	Дел од чистиот доход за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот по периодична пресметка односно завршна сметка (ред. бр. 73 + 74 + 75 + 76 + 78 од Б. У.)		
6.	Дел од чистиот доход за заедничка потрошувачка според периодичната пресметка односно завршната сметка (ред. бр. 70 + 71 + 72 од Б. У.)		
7.	Дел од чистиот доход за резерви според периодичната пресметка односно завршната сметка (ред. бр. 77 од Б. У.)		
8.	Чист доход (ред. бр. 2 + 5 + 6 + 7) = ред. бр. 79 од Б. У.		
9.	Утврдена загуба во пресметковниот период (ред. бр. 95 од Б. У.)		
10.	Доход (ред. бр. 17 од Б. У.)		
11.	Просечно користени деловни средства (ред. бр. 27 односно 56 од Посебни податоци)		
12.	Просечен број на вработени врз основа на вкалкулирани часови на работа (ред. бр. 29 односно 58 од Посебни податоци)		

	Тековен период	Иден период
13.	Планиран доход	
14.	Планиран чист доход	
15.	Планиран личен доход	
16.	Планирана заедничка потрошувачка	
17.	Планирани средства за унапредување и проширување на материјалната основа	
18.	Планирани резерви	
19.	Планирани просечно користени деловни средства	
20.	Планиран број на вработени	
21.	Контролен збир на редните броеви од 9 до 20	

*) Образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

ПРЕСМЕТКА

на примена на мерилото од самоуправната спогодба за распоредување на остварениот чист доход во пресметковниот период

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

Според мерилото од самоуправната спогодба, остварениот чист доход во пресметковниот период треба да се распореди и тоа:

Р. бр.	ЕЛЕМЕНТИ	ИЗНОС		
		Претходна год.	Тековна год.	
1.	Лични доходи	X	X	X
2.	Заедничка потрошувачка	X	X	X
3.	Унапредување и проширување на материјалната основа на трудот	X	X	X
4.	Резерви	X	X	X
5.	Остварен чист доход (ред. бр. 79 минус дел од ред. бр. 85 од Б. У. кој се однесува на непокриените лични доходи)	X	X	X

Раководител на сметководство, _____

Директор, _____

ОБЈАСНУВАЊЕ

за начинот на искажувањето на податоците во Пресметката за распоредувањето на чистиот доход во образецот ПС-1:

1. На редниот број 1 се искажува делот на чистиот доход што е наменет за лични доходи, а кој се добива по пат на примена на мерилото утврдено во самоуправната спогодба.

Во случаите кога чистиот доход искажан на редниот број 79 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот е помал од износот на делот на чистиот доход за лични доходи според мерилото предвидено во самоуправната спогодба, на редниот број 1 се искажува распореденот дел за лични доходи најмногу до износот на чистиот доход.

2. На редниот број 2 се внесува делот на чистиот доход распореден за лични доходи по периодичната пресметка и завршната сметка што е искажан на редните броеви 68 и 69 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

3. На редниот број 3 се искажуваат повеќе распоредените средства за лични доходи, односно износот на реден број 3 претставува разлика на износите од редните броеви 2 и 1.

4. На редниот број 4 се искажуваат помалку распоредените средства за лични доходи, односно износот на реден број 4 претставува разлика на износите од редните броеви 1 и 2.

5. На редниот број 5 се искажува делот на чистиот доход распореден за проширување и унапредување на материјалната основа на трудот по периодичната пресметка односно завршната сметка што треба да претставува збир на износите искажани на редните броеви: 73, 74, 75, 76 и 78 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

6. На редниот број 6 се искажува делот на чистиот доход распореден за заедничка потрошувачка

по периодичната пресметка односно по завршната сметка што всушност претставува збир на износите искажани на редните броеви: 70, 71 и 72 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

7. На редниот број 7 се искажува делот од чистиот доход распореден за резерви кој се внесува од редниот број 77 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

8. На редниот број 8 се искажува чистиот доход што претставува збир на износите искажани на редните броеви: 2, 5, 6 и 7 од образецот ПС-1. Чистиот доход искажан на редниот број 8 треба да одговара на износот искажан на редниот број 79 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

9. На редниот број 9 се искажува утврдената загуба (вкупната загуба) во пресметковниот период. Износот искажан на овој реден број се внесува од редниот број 95 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

10. На редниот број 10 се искажува остварениот доход кој се внесува од редниот број 17 од образецот Деловен резултат во текот на годината — Биланс на успехот.

11. На редниот број 11 се искажуваат просечно користените деловни средства кои се внесуваат од редниот број 27 од образецот посебни податоци од завршна сметка односно ред. број 56 од образецот Посебни податоци од периодичната пресметка.

12. На редниот број 12 се искажува просечниот број на вработени врз основа на вкалкулирани часови на работа кој се внесува од редниот број 29 од образецот посебни податоци од завршната сметка односно ред. бр. 58 од образецот Посебни податоци од периодичната пресметка.

13. Редните броеви од 13 до 20 претставуваат планирани износи од планот на основната организација на здружен труд, односно друг корисник на општествени средства за тековниот период за кој се составува пресметката и за идниот период и тоа:

1. За периодот I-XII во колоната 3 се внесуваат податоците за тековната година, а во колоната 4 за идната година.

2. За периодот I-III во колоната 3 се внесуваат податоците за тековниот период (I-III), а во колоната 4 за наредниот период (I-VI).

3. За периодот I-VI во колоната 3 се внесуваат податоци за тековниот период (I-VI), а во колоната 4 за наредниот период (I-IX).

4. За периодот I-IX во колоната 3 се внесуваат податоци за тековниот период (I-IX), а во колоната 4 за наредниот период (I-XII).

14. Редниот број 21 од образецот ПС-1 претставува контролен збир на искажаните износи од реден број 9 до 20 од образецот ПС-1.

15. Во празниот простор на „Пресметката на примена на мерилото од самоуправната спогодба за распоредување на остварениот чист доход во пресметковниот период“ треба да се искаже конкретната примена на мерилото според остварените резултати во тековниот пресметковен период. Така на пример: ако мерилото поаѓа од „индекс на доходност“ по работник коригиран со доход по просечно користени средства ќе треба:

а) да се пресмета и искаже индексот на доходност (односно планираниот доход по работник на групација-гранка и остварен доход по работник во ООЗТ);

б) индексот на доход по просечно користени средства;

в) коригиран вкупен индекс (од точка „а“ со точка „б“);

г) максимална стапка за лични доходи што според мерилото припаѓа сообразно на индексот утврден под точка „в“;

д) стапката од точка „г“ се применува на остварениот чист доход и добиениот износ се внесува на ред. бр. 1 од пресметката (лични доходи);

ѓ) сообразно на мерилото се пресметуваат и износите на останатите компоненти на чистиот доход.

16. Реден број 5 од пресметката за примена на мерилото е збир на редните броеви од 1 до 4 односно го претставува вкупно остварениот чист доход. Овој износ по правило е еднаков со износот од реден број 8 (распореден чист доход) на образецот ПС-1 со исклучок во случаи на загуба кога износот од ред. бр. 8 е повисок за износот на загубата.

17. Во насловот на образецот под „назив на групацијата“, се внесува називот на групацијата на самоуправното спогодување, на пример групација „промет со прехранбени производи“ или „обоена металургија“ итн, додека под „ознака (број) на групацијата“, се внесува бројот што го одредува Службата на општественото книговодство.

Основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства што не се вклучени во групациите на самоуправното спогодување во називот на групацијата ќе назначат „не е потписник на групациска спогодба“. Овие организации во образецот ПС-1 на ред. бр. 1 од пресметката за распоредување на чистиот доход и на реден број 1 до 4 од пресметката за примена на мерилото ќе внесат износи што произлегуваат од основите и мерилата на своите интерни самоуправни општи акти.

18. Останатите корисници на општествени средства (органи на општествено-политичките заедници, самоуправните интересни заедници, месните заедници и останати корисници) кои немаат формирано работна заедница, податоците од овој образец ги пополнуваат од соодветните редни броеви од периодичната пресметка односно завршна сметка на нивното функционално работење.

Образец ПС-2

(Пополнуваат само корисници потписници на самоуправната спогодба на групациите од општетсвените дејности)

Основна организација на здружениот труд ———

Организација на здружениот труд ———

Работна заедница ———

Место ——— Ознака (број) на групацијата ———

П Р Е С М Е Т К А

за сведување на бројот на работниците на условно неквалификувани работници според квалификационата структура за периодот од 1. I. до ———
19 ——— година

Ред. број	Квалификациона структура според стручната подгот.	За вкупно вработени: Прос. мес. број на враб. според вкал. часови	Коеф. според Општ. догов.	Прос. месечен бр. на УНР (3×4)	Од тоа: вработени со бенефициран ст.: Прсс. мес. бр.на вра. сп. вкалк. часо.	Згол. на коеф. на стап. на бен. стаж.	Прос. месеч. бр. на УНР (6×7)	Вкупно УНР (5+8)
1	2	3	4	5	6	7	8	9
1	Неква.		1,00					
2	Полуква.		1,25					
3	Квали.		1,50					
4	Висококва.		1,92					
5	Ниже стручни		1,32					
6	Средно стручни		1,73					
7	Више стручни		2,30					
8	Високо стручни		2,85					
9	Магистри		3,15					
10	Док. на науки		3,50					
11	Зголемување на бројот на УНР по основ на ноќна работа и државни празници	—	—	—	—	—	—	—
12	ВКУПНО							

Раководител на сметководството, Директор,

ОБЈАСНУВАЊЕ

за начинот на пополнувањето на податоците во Пресметката за сведување на бројот на работниците на условно неквалификувани работници според квалификационата структура на образецот ПС-2:

1. Сведувањето на бројот на работниците по условно неквалификувани работници се врши според пондерационите коефициенти означени во самиот образец ПС-2 во колоната 4.

2. Во колоната 3 се искажува просечниот месечен број на вработените според вкалкулираните часови на работа (по квалификации) кој се добива со примена на следната формула:

$$\text{Просечен месечен број на вработените во пресметковниот период} = \frac{\text{Вкупен број вкалкулирани часови на работа (по квалификации)}}{\text{182 x број на месеци во пресметковниот период}}$$

3. Во колоната 7 се искажува зголемувањето на коефициентот за бенефицираниот стаж, така што на коефициентот од колоната 4 се применува стапката на бенефицираниот стаж.

На пример: за категоријата квалификувани работници со бенефицираност на стажот од 25% (што значи дека една година се признава како 15 месеци работен стаж), коефициентот од 1,50 се множи со 25% и се добива зголемувањето од 0,375 (1,50 x 25%) што се внесува во колоната 7.

4. На редниот број 11 се пополнува само колоната 9 каде се искажува бројот на УНР за износот на средствата за ноќна работа и работа во деновите на државните празници и тоа по следната формула:

$$\text{Просечен месечен број на УНР за ноќна работа и работа во деновите на државните празници} = \frac{\text{Износ на исплатената разлика на личните доходи за ноќна работа и работа во деновите на државните празници}}{\text{Просечен личен доход по УНР остварен во стопанството во соодветниот пресметковен период во претходната година}}$$

5. По структура на вработени податоците се даваат со два децимала.

10.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на средствата за станбена изградба и станови од солидарна изградба, донесен на 27 февруари 1978 година од работничкиот совет на угостителската работна организација „Македонија“ во Битола, на основа членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 14 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Правилникот за распределба на средствата за станбена изградба и станови од солидарна изградба донесен на 27 февруари 1978 година од работничкиот совет на угостителската работна организација „Македонија“ во Битола.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во угостителската работна организација „Македонија“ во Битола, на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти во работната организација.

3. Основниот суд на здружениот труд во Битола со предлог поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот правилникот бил неуставен и противзаконит затоа што бил донесен од работничкиот совет на работната организација место непосредно од работниците со оглед на тоа што со него се уредувале прашања од редот на неотуѓивите права на работниците за кои не може да одлучува друг орган во работната организација.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека оспорениот правилник за конкретна распределба на средствата за станбена изградба и конкретна распределба на станови по основ на солидарна изградба е донесен на 27 февруари 1978 година од работничкиот совет на угостителската работна организација „Македонија“ во Битола. Потоа, тргнувајќи од наводот во одговорот на предлогот дека распределбата на средствата за заедничка потрошувачка е уредена со Правилникот за утврдување и распределба на доходот и личните доходи, донесен од работниците во работната организација на референдумот одржан на 5 октомври 1977 година, Судот утврди дека во овој правилник не се утврдени основи и мерила за распределба на делот од средствата за заедничка потрошувачка наменет за станбена изградба. Основите и мерилата за распределба на овие средства, одредувањето редот на првенство за добивање стан или кредит за станбена изградба, органите кои одлучуваат за доделување, правото на приговор, условите и начинот за доделување на становите се уредени со оспорениот правилник.

Согласно ставот 1 на член 21 и ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија, работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распоредување и го распределуваат доходот за своја лична и заедничка потрошувачка, за проширување на материјалната основа на здружениот труд и за резерви. Според ставот 1 на член 229 од Законот за здружениот труд, во смислата на овој закон средства за задоволување на заедничките потреби се, освен средствата што работниците ги издвојуваат од доходот на основната организација, уште и средствата што работниците ќе ги издвојат од своите лични доходи, односно што другите работни луѓе ги издвојуваат од својот доход или од другите свои приходи и ги здружуваат за задоволување на своите лични и заеднички потреби и интереси. Со средствата за заедничка потрошувачка, согласно ставот 1 на член 235 од законот, управуваат работниците во здружениот труд што ги здружиле тие средства од чистиот доход на својата основна организација, односно на работната заедница во која работат и од своите лични доходи, на начинот утврден во самоуправниот општ акт. Посебно, пак во членот 463 од овој закон, е определено дека работниците во основната организација, меѓу другото, со референдум одлучуваат и за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка. Според тоа, произлегува заклучокот дека оспорениот правилник за конкретна распределба на средства за станбена изградба и конкретна распределба на станови по основ на солидарна изградба е донесен од ненадлежен орган во угостителската работна организација „Македонија“ во Битола т. е. работничкиот совет, место од работниците непосредно преку изјаснување на референдум, поради што Судот утврди дека тој во целост не е во согласност со Уставот и е во спротивност со означените закон-

ски одредби. Работничкиот совет навистина согласно членот 495 од Законот за здружениот труд има овластување да донесува и самоуправни општи акти, но тоа овластување се однесува само за прашања за чие уредување не одлучуваат работниците непосредно.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 89/78
14 ноември 1978 година
Скопје

Го заменува претседателот на
Уставниот суд на Македонија
Судија,
Петар Лештар, с. р.

11.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за конкретна распределба на средства за станбена изградба и конкретна распределба на станови по основ на солидарна изградба бр. 02-379, донесен на 7 февруари 1978 година од работничкиот совет на работната организација „Мермерен комбинат" во Прилеп, на основа членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 8 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Правилникот за конкретна распределба на средства за станбена изградба и конкретна распределба на станови по основ на солидарна изградба бр. 02-379, донесен на 7 февруари 1978 година од работничкиот совет на работната организација „Мермерен комбинат" во Прилеп.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во работната организација „Мермерен комбинат" во Прилеп, на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти во работната организација.

3. Основниот суд на здружениот труд во Битола со предлог поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот правилникот бил неуставен и противзаконит затоа што бил донесен од работничкиот совет на работната организација место непосредно од работниците со оглед на тоа што со него се уредувале прашања од редот на неотуѓивите права на работниците за кои не може да одлучува друг орган во работната организација.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека оспорениот правилник за конкретна распределба на средствата за станбена изградба и конкретна распределба на станови по основ на солидарна изградба е донесен на 7 февруари 1978 година од работничкиот совет на работната организација „Мермерен комбинат" во Прилеп, по претходно спроведена јавна дискусија во рамките на која работниците на собирите одржани во работните единици на работната организација на 16, 20 и 26 јануари 1978 година го разгледувале и се изјаснувале за нацртот на правилникот. Потоа, тргнувајќи од наводот во одговорот на предлогот дека распределбата на средствата за заедничка потрошувачка е уредена со самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи, материјални трошоци и заедничка потрошувачка, усвоена од работниците во комбинатот на референдумот одржан на 27 декември 1977 година, Судот утврди дека во оваа спогодба не се утврдени основи и мерила за распределба на делот од средствата за заедничка потрошувачка наменет за станбена изградба. Основите и мерилата за распределба на овие средства, одредувањето редот на првенство за добивање стан или кредит за станбена изградба, органите кои одлучуваат за доделување, правото на приговор, условите и начинот за доделување на становите се уредени со оспорениот правилник.

Согласно ставот 1 на член 21 и ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија, работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распоредување и го распределуваат доходот за своја лична и заедничка потрошувачка, за проширување на материјалната основа на здружениот труд и за резерви. Според ставот 1 на член 229 од Законот за здружениот труд, во смислата на овој закон средства за задоволување на заедничките потреби се, освен средствата што работниците ги издвојуваат од доходот на основната организација, уште и средствата што работниците ќе ги издвојат од своите лични доходи, односно што другите работни луѓе ги издвојуваат од својот доход или од другите свои приходи и ги здружуваат за задоволување на своите лични и заеднички потреби и интереси. Со средствата за заедничка потрошувачка, согласно ставот 1 на член 235 од Законот, управуваат работниците во здружениот труд што ги здружиле тие средства од чистиот доход на својата основна организација, односно на работната заедница во која работат и од своите лични доходи, на начинот утврден во самоуправниот општ акт. Посебно, пак во членот 463 од овој закон, е определено дека работниците во основната организација, меѓу другото, со референдум одлучуваат и за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка. Според тоа, произлегува заклучокот дека оспорениот правилник за конкретна распределба на средствата за станбена изградба и конкретна распределба на станови по основ на солидарна изградба е донесен од ненадлежен орган во работната организација „Мермерен комбинат" во Прилеп т. е. работничкиот совет, место од работниците непосредно преку изјаснување на референдум, поради што Судот утврди дека тој во целост не е во согласност со Уставот и е во спротивност со означените законски одредби. Работничкиот совет навистина согласно членот 495 од Законот за здружениот труд има овластување да донесува и самоуправни општи акти, но тоа овластување се однесува само за прашања за чие уредување не одлучуваат работниците непосредно.

На основа изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 88/78
8 ноември 1978 година
Скопје

Го заменува претседателот на
Уставниот суд на Македонија
Судија,
Петар Лештар, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1.

Врз основа на член 5 од Самоуправната спогодба за утврдување на единствени цени од амбулантно-поликлиничката и аптекарската дејност и болничкото лекување по болнички ден во СРМ, а во согласност со член 4 од оваа самоуправна спогодба, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување, на заедничка седница на сите собори на Собранието, одржана на 21 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВАЛОРИЗИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕНИ ЦЕНИ ОД АМБУЛАНТНО-ПОЛИКЛИНИЧКАТА И АПТЕКАРСКАТА ДЕЈНОСТ И БОЛНИЧКОТО ЛЕКУВАЊЕ ПО БОЛНИЧКИ ДЕН ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1979 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се валоризираат цените на здравствените услуги од амбулантно-поликлиничката и аптекарската дејност и болничкото лекување по болнички ден во здравствените организации во СР Македонија во 1979 година.

II

Утврдените цени со Самоуправната спогодба во 1978 година се валоризираат со 11% за 1979 година, сразмерно со просечниот пораст на цените на мало во Републиката предвиден со материјалите за развој на СРМ во таа година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 0605-1787/1
21 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р Душко Теодосиевски, с. р.

2.

Врз основа на член 4 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 21 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице.

II

Висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице не може да биде помала од:

1) во случај на смрт на осигурено лице до една година возраст — 700,00 динари;

2) во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 годишна возраст — 1.110,00 динари;

3) во случај на смрт на осигурено лице од 7 до 14 годишна возраст — 1.530,00 динари; и

4) во случај на смрт на осигурено лице на возраст над 14 години — 1.950,00 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука број 0601-1864/1 од 20 декември 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ", број 46/77.

Број 0601-1789/1
21 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите,
Петре Шулевски, с. р.

3.

Врз основа на член 4 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 21 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место.

II

Висината на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место не може да биде помала, и тоа:

1) ако се упатуваат во места на територијата на СР Македонија — 90,00 динари;

2) ако се упатуваат во места надвор од територијата на СР Македонија — 110,00 динари;

3) ако се упатуваат во Скопје — 100,00 динари и

4) ако се упатуваат во другите републики и покраински центри — 140,00 динари.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука број 0601-1865/1 од 20 декември 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 46/77.

Број 0601-1788/1
21 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите,
Петре Шулески, с. р.

4.

Врз основа на член 4 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за здружување на општинските заедници на здравството и здравственото осигурување во Републичка заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување — Скопје, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 21 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

Со оваа одлука се утврдува најнискиот износ на помошта за спрема на новородено дете.

II

Висината на помошта за спрема на новородено дете не може да биде помала од 360,00 динари за секое новородено дете.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука бр. 0601-1866/1 од 20 декември 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ", бр. 46/77.

Бр. 0601-1790/1
21 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Соборот на делегатите на работниците-корисници на услугите,
Петре Шулески, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ

5.

Врз основа на член 36 точка 8 и член 78 од Статутот на Општата самоуправна интересна заедница на научните дејности, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 17 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1979 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година се утврдуваат следниве стапки:

— 0,24% од доходот на основните организации на здружен труд од филмската и графичката индустрија, туризмот и угостителството и соодветните трговски дејности;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците во образованието, културата, општествено-политичките организации, државните органи, банките, самоуправните интересни заедници и другите општествени дејности и ЈНА;

— 0,45% од личен доход од вршење земјоделска дејност според основицата на која се плаќа данок по Законот за даноците на граѓаните;

— 0,45% од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност според основицата на која се плаќа данок по Законот за даноците на граѓаните.

II

Пресметувањето и наплатувањето на придонесите од личниот доход од вршење земјоделска дејност, како и од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност ги врши општинскиот орган за приходи.

III

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-2113
28 декември 1978 година
Скопје

Претседател,
Васил Каширски, с. р.

6.

Врз основа на член 36 точка 8 и член 78 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во земјоделството, водостопанството, преработката на земјоделските и сточарски производи, шумарството, преработката на дрво и соодветните трговски дејности, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 15 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1979 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година се утврдуваат следниве стапки:

— 0,24% од доходот на основните организации на здружен труд од земјоделството, водостопанството, преработката на земјоделски и сточарски производи, шумарството, преработката на дрво и соодветните трговски дејности;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците од споменатите дејности доколку за нив не се плаќа придонес од доходот на ООЗТ.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-2109
15 ноември 1978 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Велко Стефановски,** с. р.

7.

Врз основа на член 36 точка 8 и член 78 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во градежништвото, станбено-комуналните дејности, индустријата за градежни материјали, сообраќајот и врските и соодветните трговски дејности, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 16 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1979 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година се утврдуваат следниве стапки:

— 0,24% од доходот на основните организации на здружен труд од градежништвото, станбено-комуналните дејности, индустријата за градежни материјали, сообраќајот и врските и соодветните трговски дејности;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците од споменатите дејности, доколку за нив не се плаќа придонес од доходот на ООЗТ.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-2110
28 декември 1978 година Претседател,
Скопје **Димитрија Станоевски**, с. р.

8.

Врз основа на член 36 точка 8 и член 78 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во рударството, црната и обоената металургија, металната индустрија, неметалите, електростопанството, електроиндустријата и соодветните трговски дејности, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 14 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1979 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година се утврдуваат следниве стапки:

— 0,24%од доходот на основните организации на здружен труд од рударството, црната и обоената металургија, металната индустрија, неметалите, електростопанството, електроиндустријата и соодветните трговски дејности;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците од споменатите дејности доколку за нив не се плаќа придонес од доходот на ООЗТ.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-2108
28 декември 1978 година
Скопје Претседател,
проф. инж. Стрезо Трајковски, с. р.

9.

Врз основа на член 36 точка 8 и член 78 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во фармацевтската и козметичката индустрија, здравството и социјалната заштита и соодветните трговски дејности, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 13 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1979 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година, се утрвдуваат следниве стапки:

— 0,24% од доходот на основните организации на здружен труд од фармацевтската и козметичката индустрија и соодветните трговски дејности;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците во здравството и социјалната заштита, како и на работниците од фармацевтската, козметичката индустрија и соодветната трговска дејност, доколку за нив не се плаќа придонес од доходот на ООЗТ.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-2112
13 ноември 1978 година
Скопје Претседател
проф. д-р **Петар Тофовиќ**, с. р.

10.

Врз основа на член 36, точка 8 и член 78 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на научните дејности во хемиската и текстилната индустрија, индустријата за кожи и гума, индустријата за целулоза и хартија и соодветните трговски дејности, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 23 ноември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 1979 ГОДИНА

I

За обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година, се утврдуваат следниве стапки:

— 0,24% од доходот на основните организации на здружен труд од хемиската и текстилната индустрија, индустријата за кожи и гума, индустријата за целулоза и хартија и соодветните трговски дејности;

— 0,45% од личниот доход од работен однос на работниците од споменатите дејности доколку за нив не се плаќа придонес од доходот на ООЗТ.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-2111
28 декември 1978 година
Скопје Претседател,
дипл. инж. **Марија Бакаловска**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА

11.

Врз основа на член 34 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 40, став 1, алинеја 3 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница на физичката култура, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница на физичката култура, на седницата одржана на 28 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница на физичката култура.

Член 2

Во 1979 година, се утврдуваат стапки на придонеси:

1. 0,05% од доходот на основните организации на здружен труд;

2. 0,05% од личен доход од работен однос.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 08-4/79
4 јануари 1979 година
Скопје

Претседател,
Јаков Попоски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТЕТОВО

12.

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 205 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на заедничката седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите во здруженот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 15 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Придонесите за здравственото осигурување во постојан месечен износ се плаќаат и тоа:

1. за лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време — 150,00 дин.;

2. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување) — 60,00 дин.;

3. за учениците во средните училишта и студентите на вишите и високите школи, за време на траењето на практичната работа во врска со наставата — 60,00 дин.;

4. за лицата кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени во сите случаи на инвалидност — 60,00 динари;

5. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — 115,00 дин.;

6. за уживателите на постојана државна помош, дадена од страна на бившите президиуми на Народното собрание или од страна на Извршниот совет — 115,00 дин.;

7. за лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита — 60,00 динари;

8. за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита — 60,00 дин.;

9. за иселениците — повратници што се населени на територијата на СРМ, редовно пријавени кај надлежниот завод за вработување по член 13 став 1 точка 10 од Законот — 115,00 дин.;

10. посебниот придонес за членовите на своето потесно семејство кои живеат на подрачјето на СРМ, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, се утврдува во постојан месечен износ од 90,00 дин. по член на семејството;

11. за носителите на „Илинденска споменица" кои не уживаат илинденска пензија — 60,00 дин.;

12. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација, што ги организира Заедницата за вработување — 60,00 дин.;

13. за лицата кои организацијата пред засновање на работен однос со нив ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија — 150,00 дин.;

14. за лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии, кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија — 150,00 дин.;

15. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација, што ќе ги упати Заедницата за вработување — 60,00 дин.;

16. за брачниот другар, односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението — 115,00 дин.;

17. за југословенските државјани кои согласно постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно здобивање со практика, ако за тоа време примаат стипендија — 150,00 дин.;

18. за лицата — странски државјани за време на школување, стручно усовршување или постдипломски студии во Југославија, ако за тоа време примаат стипендија — 150,00 дин.;

19. за членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на военото рок во ЈНА, ако пред тоа го исполнил условот на претходно осигурување — 115,00 дин.;

20. за членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на издржување казна затвор, ако на осигуреникот не му престанал работниот однос во работната организација за време на издржувањето на казната — 115,00 дин.

Член 2

Обврзници за уплатување на придонесот се:

— за осигурениците под точка 1, 13, 14, 15 и од 17 заклучно со точка 20, работните организации каде што осигуреникот работел односно работи или прима стипендија;

— за лицата под точка 2, 3, 4, 5, 7 и 8, организаторот за спроведување и изведување на акциите, односно работите;

— за лицата под точка 6 и 11, Извршниот совет на СРМ;

— за лицата под точка 10, самите осигуреници вработени во странство или членовите на нивното семејство;

— за лицата под точка 9, 12 и 16, Заедницата за вработување.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период ќе се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници за 1975 година, број 0204-1520/5 од 25 декември 1974 година („Службен весник на СРМ", број 5/75).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ" и ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 0805-1435/7
15 декември 1978 година
Тетово

Претседател,
Ристо Савески, с. р.

13.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", број 5/74) и член 204 став 1 точка 2 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници и Соборот на делегатите — даватели на услугите, одржана на 15 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1978 ГОДИНА

Член 1

Важноста на Одлуката за стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците за 1978 година, број 0205-1540/12 од 19 декември 1977 година („Службен весник на СРМ", број 46/77) и на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците за 1978 год., број 0805-718 од 3 јуни 1978 година („Службен весник на СРМ", број 32/78), се продолжува и за 1978 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ" и ќе се применува од 1 јануари 1979 год.

Број 0805-1435/6
15 декември 1978 година
Тетово

Претседател,
Ристо Савески, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ — ПРИЛЕП

14.

Врз основа на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ", број 9/78) и член 23 алинеја 10 од Статутот на Општинската заедница за образование — Прилеп, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 20 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНОТО И ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите од личните доходи за финансирање на дејностите на предучилишното и основното воспитание и образование на општина Прилеп за 1979 година се утврдуваат како што следува:

— 5% од бруто личниот доход од работен однос од стопанство и нестопанство;

— 3,25% од личниот доход од самостојно вршење земјоделска дејност;

— 5% од личниот доход од самостојно вршење стопанска и професионална дејност.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 02-251
20 декември 1978 година
Прилеп

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

15.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 199 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници и Соборот на делегатите даватели на услугите од здравствените работни организации, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува основицата за пресметување и плаќање на придонесите за здравственото осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци, за кое со закон не е утврдена основица.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци основица претставува договорениот личен доход меѓу работодавецот и работникот кој не може да биде помал од следните износи:

1. за неквалификувани работници — 1,900;
2. за полуквалификувани работници 2,600;
3. за квалификувани работници — 3,000;
4. за висококвалификувани работници — 3,400;
5. за домашни помошнички — 1,900.

Член 3

Доколку утврдените основици од член 2 од оваа одлука се помали од гарантираниот личен доход, истите ќе се утврдат во висина на гарантираниот личен доход за тековната година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10/46
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Трајан Бошев, с. р.

16.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 199 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите ко-

рисници на услугите — работници и Соборот на делегатите даватели на услугите од здравствените работни организации, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Важноста на Одлуката за утврдување на стапката на придонесите за здравствено осигурување на работниците, бр. 7/21 (објавена во „Службен весник на СРМ", бр. 5/77) ,се продолжува и за 1979 година, освен членот 6 од истата за што ќе биде донесена посебна одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10/45
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Трајан Бошев, с. р.

17.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 200 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Заедницата на заедничката седница на Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите даватели на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1979 година.

Член 2

Земјоделските осигуреници ги плаќаат следните придонеси за здравственото осигурување:

1. Осигурениците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски доход) ќе плаќаат:

а) по стапка од 6% на катастарскиот доход во кој се содржи 2,5% за задолжителните видови на здравствена заштита и 3,5% за правата што Заедницата сама ги утврдува;

б) по 100,00 динари по член на семејство кои имаат сопствен имот, вклучувајќи ја и главата на семејството, од кои 40,00 динари на име правата од задолжителните видови на здравствена заштита и 60,00 динари за правата што Заедницата сама ги утврдува;

2. Осигурениците земјоделци кои немаат сопствена земја (катастарски доход), а таква обработуваат под наем и се занимаваат со земјоделие ќе плаќаат:

а) по 700,00 динари на домаќинство, во кои се содржани 300,00 динари на име задолжителни видови на здравствена заштита и 400,00 динари за правата што Заедницата сама ги утврдува;

б) по 100,00 динари по член на семејство, вклучувајќи ја и главата на семејството, во кои се содржани: 40,00 динари за задолжителни видови на здравствена заштита и 60,00 динари за правата што Заедницата сама ги утврдува.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 10/19 од 30. 3. 1978 година, објавена во „Службен весник на СРМ", бр. 18/78.

Бр. 10/44
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Трајан Бошев, с. р.

18.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71) и член 200 од од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на заедничката седница на Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на дателите на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПАТНИ ТРОШОЦИ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат правата на патни трошоци на земјоделците — осигуреници при користење на здравствената заштита.

Член 2

На земјоделците — осигуреници им се обезбедува право на патни трошоци на товар на фондот на земјоделското осигурување при користењето на здравствената заштита надвор од местото на живеење во висина на цената на билетот во редовниот јавен патен сообраќај.

Правото на патни трошоци може да се остварува кога осигуреното лице биде упатено од надлежниот лекар на лекување во друго место вон седиштето на оваа Заедница.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10/43
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Трајан Бошев, с. р.

19.

Врз основа на член 200, а во врска со член 90 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, на седницата на Соборот на корисниците на услугите — земјоделци и давателите на услугите, на седницата одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица — земјоделци за 1979 година.

Член 2

Во случај на смрт на земјоделските осигуреници им се признава право на надоместок на трошоците за закоп и тоа:

— во случај на смрт на лице — земјоделски осигуреник до 1 годишна возраст надоместокот изнесува 600,00 динари;

— во случај на смрт на лице — земјоделски осигуреник од 1 до 7 годишна возраст надоместокот изнесува 800,00 динари;

— во случај на смрт на лице — земјоделски осигуреник од 7 до 14 годишна возраст надоместокот изнесува 1.000,00 динари;

— во случај на смрт на лице — земјоделски осигуреник над 14 годишна возраст надоместокот изнесува 1.200,00 динари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. 1. 1979 година и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 10/42
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Трајан Бошев, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ГОСТИВАР

20.

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", број 5/74), член 23 точка 8 и член 26 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работници од здравството — даватели на услугите, одржана на 28 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци за кои со закон не е утврдена основицата за придонес.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци, основицата претставува личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

1. за неквалификувани работници — износ од 2.100 динари;
2. за полуквалификувани работници — 2.400 динари;
3. за квалификувани работници — 2.800 динари;
4. за висококвалификувани работници — 3.500 динари;
5. за домашни помошнички 2.100 динари.

Најниските основици од претходниот став, доколку бидат помали од гарантираниот личен доход за 1979 година, ќе се усогласат со истиот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 08-818/7
28 декември 1978 година
Гостивар

Претседател,
Милутин Алексовски, с. р.

21.

Врз основа на член 23 точка 8 и член 25 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите, работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите работници од здравството — даватели на услугите, одржана на 28 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за здравствено осигурување во постојан месечен износ за 1979 година се плаќа и тоа:

1. за лица кои по завршувањето на школувањето се наоѓаат на задолжителна практична работа или доброволна практика (волонтери), а не примаат личен доход — износ од 84,00 динари;
2. за учесниците во стопанството и во стручните училишта со практична работа, за учениците во стручните школи и гимназиите за време на производната работа, како и студентите на вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии за време на задолжителна практика во организациите — износ од 46,00 динари;
3. за учениците во стручните училишта и гимназиите и студентите на вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии кога вршат практична работа во врска со наставата — износ од 30,00 динари;
4. за лицата кои учествуваат на младински работни акции — износ од 30,00 динари.
5. за лицата што учествуваат во организирани јавни работи ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — износ од 30,00 динари;
6. за лицата кои учествуваат во организирани јавни младински акции — износ од 30,00 динари;
7. за лицата што ќе претрпат повреди како учесници во определени јавни акции или во вршење на определени јавни функции или должности — износ од 30,00 динари;

8. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука и логорување — износ од 30,00 динари;

9. за југословенските државјани кои согласно постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно добивање со практика — износ од 84,00 динари;

10. за лицата кои се наоѓаат на стручно усовршување или преквалификација што ги организира СИЗ за вработување — износ од 46,00 динари;

11. за лицата — странски државјани за време на школување, стручно усовршување или на постдипломски студии во Југославија кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија — износ од 69,00 динари;

12. за лицата кои организацијата пред воспоставување на работен однос ги упати како стипендисти на практична работа во други организации заради стручно оспособување или усовршување — износ од 84,00 динари;

13. за лицата кои се на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита — износ од 30 динари;

14. за брачните другари односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението — износ од 69,00 дин.;

15. за иселениците — повратници додека редовно се пријавуваат во СИЗ за вработување — износ од 84,00 динари;

16. за уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на Народното собрание, или од страна на Извршниот совет — износ од 84,00 динари;

17. за носителите на Илинденска споменица кои не уживаат илинденска пензија — износ од 69,00 динари;

18. за членовите на семејството на југословенските државјани кои се вработиле во странски земји со кои Југославија нема склучено спогодба за здравствено осигурување, а се осигурени кај странскиот носител на осигурување — износ од 130,00 динари.

Член 2

Придонесите на лицата опфатени со оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува покусо од еден месец за секој календарски ден од соодветниот период се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 08-818/6
28 декември 1978 година
Гостивар

Претседател,
Милутин Алексовски, с. р.

22.

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", број 5/74), а во врска со член 23 став 1 точка 9 и член 25 став 1 точка 6 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите — работници, корисници на услугите и Соборот на делегатите работници од здруженото труд на здравството — даватели на услугите, одржана на 28 декември 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

I

Важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците, број 02-456 од 30. 12. 1976 година и број 02-744 од 27. 12. 1977 година („Службен весник на СРМ", број 2/77 и 1/78) се продолжува и за 1979 година.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 08-818/5
28 декември 1978 година
Гостивар

Претседател,
Милутин Алексовски, с. р.

23.

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", број 21/71), член 23 точка 11 и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите, одржана на 28 декември 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

Износот на помошта за спрема на новородено дете, кој ќе се исплатува на осигурениците од средствата на работниците, изнесува 360,00 динари.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 08-818/10
28 декември 1978 година
Гостивар

Претседател,
Милутин Алексовски, с. р.

24.

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", број 21/71), член 23 точка 11 и член 27 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Гостивар, на седницата на Соборот на работниците — корисници на услугите, одржана на 28 декември 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица, во случај на смрт, изнесува:

— за лице до 1 годишна возраст — во износ од 700 динари;

— за лице од 1 до 7 годишна возраст — 1.110 динари;

— за лице од 7 до 14 годишна возраст — 1.530 динари;

— за лице над 14 годишна возраст — 1.950 динари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 08-818/9
28 декември 1978 година
Гостивар

Претседател,
Милутин Алексовски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

25.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево и член 199 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничка седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСОЧИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1978 ГОДИНА И ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за утврдување височината на стапките на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1978 година, бр. 01-5581/1 од 27 декември 1977 година („Службен весник на СРМ" бр. 20/78) и во 1979 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1979 година.

Бр. 08-5575
26 декември 1978 година
Кичево

Претседател,
Ѓоре Димоски, с. р.

26.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево и член 200 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничка седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1978 ГОДИНА И ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за височината на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците за 1978 година, бр. 01-5582/1 од 27 декември 1977 година („Службен весник на СРМ", бр. 20/78) и во 1979 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1979 година.

Бр. 08-5576
26 декември 1978 година
Кичево

Претседател,
Ѓоре Димоски, с. р.

27.

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71 и 24/73) и член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 23 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

I

Висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице се утврдуваат во износ од:

1) во случај на смрт на осигурено лице до 1 година возраст — 700,00 динари;

2) во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 години возраст — 1.150,00 динари;

3) во случај на смрт на осигурено лице од 7 до 14 години возраст — 1.550,00 динари и

4) во случај на смрт на осигурено лице на возраст над 14 години — 2.000,00 динари.

II

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука бр. 01-5575/1 од 27. 12. 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 1/78.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува на случаите што ќе настанат од 1 јануари 1979 година.

Број 08-5581/1
26 декември 1978 година
Кичево

Претседател,
Ацо Кацески, с. р.

28.

Врз основа на член 50 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71 и 24/73), член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 23 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

I

Висината на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место се утврдуваат во износ од:

1) ако се упатуваат во места на територијата на СР Македонија — 90 динари;

2) ако се упатуваат во места надвор од територијата на СР Македонија — 110 динари;

3) ако се упатуваат во Скопје — 100 динари и

4) ако се упатуваат во другите републики и покраински центри — 140 динари.

Надоместокот од претходниот став ќе се исплатува за секој поминат ден, заверен од здравствената установа.

За лицата упатени на стационарно лекување, доколку бидат истиот ден примени на стационарно лекување, се исплатува за одење и враќање само една дневница.

За осигурени лица до навршени 15 години возраст, надоместокот ќе изнесува 50% од износот предвиден во став I на оваа точка.

II

Трошоците за превоз на осигурените лица се признаваат во висина на стварно наплатениот износ за најблиската релација според тарифите на јавниот сообраќај.

III

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука бр. 01-5576/1 од 27. 12. 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 1/78.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува на случаите што ќе настанат од 1 јануари 1979 година.

Број 08-5580/1
26 декември 1978 година
Кичево

Претседател,
Ацо Кацески, с. р.

29.

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71 и 24/73) и член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 23 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 26 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

Висината на износот на помошта за спрема на новородено дете се утврдува во износ од 400 динари за секое новородено дете.

II

Износот на помошта за спрема на новородено дете се исплатува кај Стручната служба на Заедницата со следните докази:

а) оценка на лекарот — гинеколог дека породувањето ќе уследи во рок од еден месец, за исплата пред породувањето;

б) извод од матичната книга на родените, за исплата по породувањето.

III

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука бр. 01-846/1 од 22. 2. 1978 година, објавена во „Службен весник на СРМ", бр. 20/78.

IV

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува на случаите што ќе настанат од 1 јануари 1979 година.

Број 08-5579/1
26 декември 1978 година
Кичево

Претседател,
Ацо Кацески, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — КРАТОВО

30.

Врз основа на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата и член 23 став 5 и член 69 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата за општина Кратово, Собранието на Заедницата на културата — Кратово, на седницата одржана на 27 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА СТАПКИТЕ И ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА КУЛТУРАТА ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесот на Самоуправната интересна заедница на културата во Кратово се определуваат во висина и тоа:

а) придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 1,00%;

б) придонес од доход на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,90%;

в) придонес од личен доход на земјоделци, по стапка од 0,30%.

Член 2

Придонесот го пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон и други општи акти на Заедницата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година. Истата ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Кратово".

Бр. 1027
27 декември 1978 година
Кратово

Претседател,
Љубиша Јордановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА СТАНУВАЊЕТО — ~~КРАТОВО~~ Крива Паланка

31.

Врз основа на член 5 точка 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ", бр. 49/74) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ", бр. 9/78), Собранието на СИЗ на станувањето, на седницата одржана на 27 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Основните организации на здружен труд, самоуправните интересни заедници и работните заедници што вршат работи од заеднички интерес за повеќе основни организации на здружен труд, државните органи, општествено-политичките организации и здруженијата и другите работни заедници што не се организирани како организации на здружен труд, се должни да плаќаат придонес за станбена изградба по стапка од 5% применувана на бруто личните доходи и да го внесуваат на сметката на Заедницата на станувањето.

Член 2

Обврзници на придонес за станбена изградба од личниот доход по стапка од 5% применувана на бруто личниот доход се и работниците кај работните луѓе што работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд на други лица.

Член 3

Обврзник на придонесот за станбена изградба по стапка од 5% е и Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување за пензионерите и корисниците на правото од пензиско и инвалидско осигурување. Пресметувањето и уплатувањето на придонесот од претходниот став е месечниот износ на пензијата.

Член 4

Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за станбена изградба се врши според прописите за даноците на граѓаните, сметано од 1. 1. 1979 година.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 253 од 15 мај 1978 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 29/78 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 476
27 декември 1978 година
Крива Паланка

Претседател,
Стојмир Китановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРАТОВО

32.

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ", број 21/71), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", број 5/74) и член 25 став 2 точка 4, во врска со член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на корисниците на услугите — работници и Соборот на давателите на услуги, одржана на 23 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1978 година, бр. 01-4571/1 од 26 декември 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ", број 24/78, и за 1979 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 01-4285/1
23 декември 1978 година
Кратово

За претседател,
инж. Митко Георгиевски, с. р.

33.

Врз основа на член 9 став 1 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", број 5/74) и член 25 став 1 точка 4, во врска со член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на давателите на услуги, одржана на 23 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ И ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за висината на стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1978 година, број 01-4572/1 од 26 декември 1977 година, објавена во „Службен весник на СРМ" број 24/78, и за 1979 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 01-4286/1
23 декември 1978 година
Кратово

За претседател,
инж. Митко Георгиевски, с. р.

34.

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 25 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на заедничката седница на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите — даватели на услугите, одржана на 23 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории лица кои се во работен однос, односно вон работен однос, а се осигурени по прописите за здравственото осигурување.

Член 2

Придонесите за здравственото осигурување во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници што се вон работен однос се плаќаат и тоа:

1. за лица на доброволна и задолжителна практична обука (волонтери и др.) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 120 динари;

2. за учениците во училиштата за занимање во кои покрај училишната се изведува и практична настава, во износ од 50 динари;

3. за уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 120 динари;

4. за иселениците — повратници додека се редовно пријавени кај надлежната заедница за вработување, во износ од 120 динари;

5. за носителите на Илинденска споменица кои не уживаат илинденска пензија, во износ од 90 динари;

6. за лицата што се привремено невработени, а редовно се пријавуваат кај надлежната заедница за вработување и имаат право на здравствена заштита, без оглед на тоа дали примаат материјално обезбедување или не, во износ од 90 динари;

7. за странски државјани во служба во меѓународни организации и установи, странски дипломатски и конзуларни претставништва или во лична служба на странски државјани кои уживаат дипломатски имунитет, до колку се здравствено осигурени според меѓународен договор, со колективен договор или доброволно здравствено осигурени, во износ од 500 динари;

8. за југословенски државјани кои согласно со постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно здобивање практика, во износ од 120 динари;

9. за лица — странски државјани за време на школување, стручно усовршување или на постдипломски студии во Југославија, кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 120 динари;

10. за лицата кои организацијата пред засновувањето на работен однос ги упати како свои стипендисти на практична работа во други организации, заради стручно оспособување и усовршување, во износ од 120 динари;

11. за брачните другари односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, во износ од 200 динари.

Член 3

Придонесите на лицата опфатени во членовите 6 и 7 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 01-4287/1
23 декември 1978 година
Кратово

За претседател,
инж. **Митко Георгиевски,** с. р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Ленче Симоновска од Штип, населба „Баби" бр. 51, поднесе тужба до овој суд за развод на брак против тужениот Гинов Димо, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот Гинов Димо не се познати, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во („Службен весник на СРМ" да се јави лично во судот, да ја достави својата адреса или да одреди застапник. Во спротивно, судот по службена должност ја одредува за застапник Папарова Рушка, приправник во Окружниот стопански суд во Штип, која ќе го застапува тужениот во предметниот спор.

Од Општинскиот суд во Штип. П. бр. 244/78.
(102)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води граѓанска парница од тужителот Јовановски Гроздан од Тетово против тужените Јовановски Ецо од Тетово и др. Вредност на спорот 15.000,00 динари.

Бидејќи тужениот Јовановски Ецо од Тетово се наоѓа на времена работа во странство, во САД, со непозната адреса се повикува во смисла на чл. 86 да се јави на расправата или пак некое друго лице кое ја знае неговата адреса да ја достави на судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно на тужениот ќе му биде поставен привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и обврски пред овој суд.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1257/77.
(103)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на Огњановски Перо од село Раотинце, Тетовско, против тужената Огњановска, родена Драгомиров Радмила од Кикинда, а сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува тужената Огњановска Радмила, која живее на непозната адреса во Германија, во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави пред овој суд или во истиот рок да означи свој полномошник. Доколку во определениот рок не се јави нити определи свој полномошник, преку центарот за социјална работа ќе ѝ биде поставен старател, кој во текот на постапката ќе ги штити нејзините интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1350/78.

ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Селмани Елмаза Менте од село Симница, Гостиварско, против тужената Селмани род.Витаз Марија од село Бечеј, СО — Бечај, а сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужената Селмани Марија е со непознато место на живеење, се повикува да се јави во судот. Во спротивно, во смисла на член 84 став 2 точка 4 од Законот за парничната постапка, ќе ѝ биде определен привремен застапник кој ќе ги има сите права и должности на законски застапник.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 592/77 година. (3)

РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 719 од 8. VII. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1-977-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на ОЗТ Заедница на заштитните работилници на СРМ, Ц. О., со седиште во Скопје, ул. „135“, барака 15, населба „Бутел“ II, со следните податоци:

Води книговодство и составува завршна сметка за работењето на Заедницата на заштитните работилници на СРМ.

Предмет на работење — дејност: следење и проучување на прашањата и проблемите во врска со професионалната рехабилитација и вработувањето на инвалидните лица во непосредното производство преку соодветна програма; проучување на целокупната проблематика од областа на рехабилитацијата и вработувањето на инвалидните лица, изработка на материјали и нивно презентирање на надлежните органи и заинтересираните организации во општините, Републиката, Федерацијата заради водење единствена политика; да изработува конкретни материјали и да им ги предлага на општинските собранија, Собранието на СРМ, Собранието на СФРЈ и нивните извршни совети односно ресорни органи со цел за еднакво законско регулирање на одделни прашања од областа на професионалната рехабилитација и врботувањето на инвалидните лица. Потоа да изработува законски предлози, предлози за утврдување и регулирање на правната и материјалната положба на заштитните работилници и другите организации на здружен труд во кои се спроведува рехабилитација и се вработуваат инвалиди, да изработува елаборати и да предлага решенија за обезбедување бенефиции на членките на општествената заедница, односно тие да бидат ослободени од плаќање на разни законски обврски и давачки на општините, Републиката и Федерацијата, како и спрема самоуправните интересни заедници; изработува нацрти на општите и другите акти за потребите на членките или да им дава стручна помош актите да се изработуваат и донесуваат во самите заштитни работилници; им дава стручна помош на заштитните работилници во спроведувањето на професионалната рехабилитација на инвалидните лица; организира стручна изработка на програмите за професионална рехабилитација во заштитните работилници и за таа цел воспоставува контакти и соработка со надлежните органи и институции и интересните заедници за образование; организира стручни советувања и консултации со претставници на членките и другите заинтересирани органи и организации со цел размена на искуства во извршувањето на одделни задачи од надлежноста на заштитните работилници; организира размена на стручњаци од институции во земјата и од странство, кои се занимаваат со професионална рехабилитација и вработување на инвалиди, а со цел на збогатување на искуствата и унапредување на рехабилитацијата и вработувањето на инвалидите во СРМ; помага во изработката на перспективните програми и планови за развој на заштитните работилници, за проширување на нивните дејности и за отворање нови места за стручно оспособување и вработување на инвалиди; ги изучува методите и техниката, како и организацијата на работа во заштитните работилници и предлага мерки и решенија за нивното унапредување; ја организира работата на поодделни стручни комисии, кои се формирани од претставници на членките и од други органи и организации за решавање на одредени задачи од надлежноста на заштитните работилници; организира изработка и обработка на одредени податоци за сметка на заштитните работилници; организира кооперативна соработка помеѓу заштитните работилници и други производствени организации; дава стручна помош во организирањето на комерцијалните служби и при тоа посредува во воспоставувањето односи помеѓу заштитните работилници и други производствени и прометни организации. На членките им помага при увозот на дефицитарни репроматеријали, полупроизводи и опрема — средства за производство, како и при извозот на нивните производи; изработува и поднесува годишни извештаи за својата работа. По барање од заштитните работилници, Заедницата ги застапува нивните интереси во споровите кои ги водат со други организации во врска со работењето и деловните односи со купувачите односно добавувачите.

Во правниот промет со трети лица Заедницата може да истапува во свое име во согласност со овластувањата дадени со Договорот за деловно здружување и во име и за сметка на членките ако тие тоа посебно го побараат.

За обврските што ги создаде Заедницата за сметка на договорните страни во деловното здружување солидарно одговараат сите потписници.

Лице овластено за застапување и потпишување е Методија Сталевски, секретар на Заедницата, без ограничување.

Основачи се: Заштитната работилница за професионална рехабилитација и вработување на глуви и други инвалидни лица „Светлост“ — Скопје, Битолскиот графички завод — ООЗТ Заштитна работилница „Социјален борец“ — Битола, Заштитната работилница за професионална рехабилитација и вработување на трудови инвалиди „Македонија-стакло“ — Битола, Заштитната работилница за занаетчиски услужни дејности „Светлост“ — Тетово, Заштитната работилница за вработување на инвалидизирани лица „Елан“ — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 719 од 8. VII. 1975 година. (324)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1102 од 6. X. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1086-00-00 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Архитектонски факултет, Ц. О. — Скопје, ул. „Раде Кончар“ бр. 16, со следните податоци: води единствено книговодство и изготвува завршна сметка.

Работната организација е основана со одлука за поделба на Архитектонско-градежниот факултет

— Скопје, бр. 01-353/1 од 18. II. 1975 година и 28. II. 1975 година.

Предмет на работењето е: настава од прв, втор и трет степен, научна дејност и примена на научно-истражувачките резултати во практиката.

Во правниот промет со трети лица истапува самостојно.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е декан проф. инж. арх. Љупчо Филиповски.

Деканот е инокосен орган којшто ја организира наставата, научно-истражувачката и применувачката работа и е одговорен за спроведување на одлуките на органите на самоуправувањето, а се грижи за целокупното работење на факултетот.

Лица овластени за потпишување се: декан-проф. инж. арх. Љупчо Филиповски, продекан доц. инж. арх. Андреј Спасов. Деканот и продеканот се овластени за целокупното работење на факултетот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1102/1975 година. (429)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Фи. бр. 392 од 23. III. 1977 година, на регистарска влошка бр. 1-1205-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Градежно-занаетчиската задруга „Градба" — Скопје, со следните податоци: Градежно-занаетчиска задруга „Градба" — Скопје, ул. „Индустриска" бб., со целосна одговорност и со ограничено емство.

Занаетчиската задруга е основана со одлуката бр. 02-1/1 од 25. II. 1977 година, од група самостојни занаетчии.

Дејност: ги изведува сите видови ѕидаро-тесарски, фасадерски и терацерски работи.

Во правниот промет со трети лица, занаетчиската задруга истапува самостојно и за своја сметка без ограничување.

За своите обврски сторени во правниот промет со трети лица занаетчиската задруга одговара со сите средства.

За обврските на задругата сторени во правниот промет со трети лица емчат задругарите во височина на здруженото влог, кој изнесува 1.000,00 динари.

Застапник на задругата е Јордановски Јордан, в. д. директор на задругата, да ја застапува во правниот промет со трети лица целосно без ограничување.

Задругари на задругата се: Јордановски Кирил Јордан — Скопје, Јовановски Петар Јован — Скопје, Крстиќ Воислав Боривоје, Илиевски Стојан Љубомир — Скопје, Тодоровски Ангеле Борислав — Скопје, Василевски Танчев Трајан — Скопје и Шефкији Шефкија Фехми — Витина.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 392/1977 година. (431)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 736 од 16. IX. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1083-00-00 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Електро-механичарска услужна задруга „Техника" — Скопје, со следните податоци: Обврската за водење книговодство и составување на завршна сметка е единствена т. е. заедничка за целата задруга.

Задругата е основана од задругарите на 1. II. 1971 година.

Основачи на задругата се: Велковски Љупчо, електричар; Костовски Трајче, електромеханичар; Иван Блажевски, електромеханичар; Петар Димитровски, ел. механичар; Стојан Петковски, електричар; Поповски Томислав, електротехничар; Тодоровски Драган, ел. механичар; Илиевски Цветан, ел. механичар; Набаков Љубиша, електричар; Стојчевски Илчо, електроинсталатер; Стојановски Митко, електричар; Бачваровски Димитар, ел. механичар и Блажевски Иван, ел. механичар.

Предмет на работењето е: вршење на сите видови поправки и монтажа на сите видови термички и разладни уреди за домаќинството, работните и другите организации, поправка на електромашини, електромотори, генератори, трансформатори и сите сродни машини кои работат на електричен погон.

Во правниот промет со трети лица како правно лице истапува само работната организација како целина.

Одговорноста во правниот промет со трети лица ја презема работната организација како целина и затоа потполно гарантира со своите средства.

За обврските на задругата емчат задругарите во височина на еднократниот износ од здруженото влог, кој изнесува 500,00 динари.

Димитровски Петар, директор, ја застапува задругата пред трети лица, судовите и други организации или за тоа овластува други лица.

Димитровски Петар ја потпишува работната организација без ограничување освен при располагањето со средства на деловниот фонд каде што ограничувањето изнесува 15.000,00 динари.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 736/75 од 19. IX. 1978 година. (430)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1020 од 12. IX. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1-1082-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Градежната задруга „Архитект", Ц.О. и ограничено емство — Скопје, со следните податоци: води единствено книговодство и изготвува периодични и завршни сметки и ги доставува на увид на општествено-политичките организации по редовен пат или по нивно претходно барање.

Задругата е основана со одлука на задругарите од 8. IX. 1975 година.

Предмет на работењето е: изведување на градежни и градежно-занаетчиски работи на објектите и тоа: ѕидарски, тесарски, армирачки, фасадерски, терацерски и молерски.

Градежната задруга е целосно одговорна во правниот промет со трети лица.

Основачите на задругата одговараат во правниот промет со трети лица во висина на задолжителниот задружен влог, одреден во член 15 став 2 од договорот за основање на задругата, кој влог изнесува 1.000,00 динари.

Овластен за застапување на задругата е Ветаџокоски Никола, дипл. град. инж., со целосни овластувања.

Лице овластено за потпишување е Ветаџокоски Никола, со целосно овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1020/1975 година. (432)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 361 од 18. III. 1977 година, на регистарска влошка бр. 1086-00-00 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Архитектонски факултет, Ц. О. — Скопје, ул. „Раде Кончар" бр. 16, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник на Факултетот проф. Љупчо Филиповски, а се запишува како нов застапник проф. Крум Томовски, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 361/1977 година. (435)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 958 од 14. X. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1-1081-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Основното училиште „Наум Наумовски-Борче" — Маџари I — Скопје, со следните податоци: задолжително водење на книговодство и донесување на завршна сметка.

Работната организација е настаната со поделба на Основното училиште „Наум Наумовски-Борче", Маџари I — Скопје на две работни организации,

согласно одлуката на Советот на училиштето, бр. 294 од 27. XI. 1973 година и решението за дадена согласност за поделба бр. 25199/1 од 26. XII. 1974 година, донесено од Собранието на општината на град Скопје.

Основното училиште „Наум Наумовски-Борче", — Маџари I — Скопје, е установа за општо основно образование и воспитание, чија дејност е од посебен општествен интерес.

Работната организација стапува во правни односи со трети лица без ограничување.

Во правниот промет со трети лица постои потполна одговорност.

Лице овластено за застапување е Попева Вера, директор, без ограничување.

Лица овластени за потпишување се: Попева Вера, директор, без ограничување, Белевски Лазар, секретар-режисер, со ограничувања, и Милошевски Стеван, домаќин, со ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 958/1975 година. (433)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 940 од 15. IX. 1978 година, на регистарска влошка бр. 1-524-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Народната универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник на Библиотеката д-р Иван Катарџиев, а се запишува како нов застапник Димитар Долев, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 940/1978 година. (437)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 900 од 25. VIII. 1978 година, на регистарска влошка бр. 1-211-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „29 Ноември" — Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Сотировиќ Наталија, в. д. директор, а се назначува за директор Сотировиќ Наталија, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 900/1978 година. (438)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 929 од 11. IX. 1978 година, на регистарска влошка бр. 1-280-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО „Централен забавен парк и детски игралишта" — Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Фиданов Здравко, директор, без ограничување, а се запишува како нов застапник Иван Лазовски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 929/1978 година. (439)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 954 од 19. IX. 1978 година, на регистарска влошка бр. 513-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Хемиско-технолошко техничко училиште „Борис Кидрич" — Титов Велес, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Синадиновска Олга, директор, а се запишува како нов застапник Ончевска Благојка, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 954/1978 година. (440)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 593 од 15. V. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1-1069-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Шивачката задруга „Братство единство" — Гостивар, Ц. О., ул. „Мајор Чеде Филиповски" со следните податоци:

Задругата води единствено книговодство и изготвува завршна сметка.

Основачи на задругата се: Дервиши Абдурахман Велија, Пиро Тефиков Буранедин, Клинче Абдурахман Алихасан, Имами Есат Мехмед, Кализи Осман Фарук, Хусеини Ислам Енвер, Хавид Хамидов Пало, Јовановски Маринков Вело, Пало Џавит Реџепали и Хопи Шукри.

Дејност: вршење на сите шивачки услуги на населението.

Задругата истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските во прометот со трети лица задругата одговара со сите средства.

За обврските на задругата одговараат и задругарите во висината на десеткратен износ на вложениот задружен влог кој изнесува 300,00 динари за секој член на задругата.

Застапник на задругата е Дервиши Вели, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 593/1975 година. (446)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 438 од 26. V. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1073-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на Занаетчиско-услужната паркетарско-молерска задруга „Стоби" Ц. О. — Скопје, со следните податоци:

Задругата води посебно книговодство и изготвува посебна завршна сметка.

Задругата е основана со одлука на задругарите на основачкото собрание од 30. X. 1971 година.

Дејност: паркетарска и молерска.

Занаетчиската задруга има целосно овластување и целосна одговорност во правниот промет со трети лица.

Основачите на задругата одговараат во висина на задолжителниот задружен влог во двократен износ, кој изнесува 200,00 динари.

Застапник и потписник на задругата е Мите Атанасовски.

Основачи на задругата се: Атанасовски Мите, Астарџиев Ристо, Василевски Јордан, Нацев Киро, Нацик Иван, Младеновски Стојче, Павловски Томе, Станковиќ Цветан, Петровски Војче, Стоевски Томислав и Черкими Јонус.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 438/1975 година. (480)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 592 од 30. V. 1975 година, на регистарска влошка бр. 2-1075 го запиша во судскиот регистар конституирањето на „Макозанат" — градежна-столарска-изолатерска задруга, со Ц.О. и ограничено емство — Скопје, со следните податоци:

Задругата води книговодство и изготвува посебна завршна сметка.

Задругата е основана на 28. III. 1966 година.

Дејност: изведување на сите градежни и занаетчиски работи: ѕидарски, керамичарски, изолатерски и останати градежни работи; сите видови на столарски работи.

Одговорноста на задругата во правниот промет со трети лица е целосна.

За обврските на задругата во правниот промет со трети лица задругарот-основач на задругата одговара во висина на своето парично емство во износ од 500,00 и тоа во рок од две години и по неговото истапување од задругата.

Основачи на задругата се: Џеми Османи, Неделко Ристановиќ, Мухарем Мухареми, Браим Метај, Мухарем Качар, Петар Продановски, Миле Павловски, Љубинко Стевиќ, Лазар Стојановски, Благој Петров, Мирко Трпковски и Стојан Вељковиќ.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 592/1975 година. (481)

КОНКУРСИ

Советот на работната заедница на Домот за одмор и рекреација на пензионерите на СРМ „Илинден“ — Струга

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место УПРАВНИК на Домот

Покрај општите кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршено висока стручна подготовка, (угостителско-туристичка) и работно искуство од 4 години, од кои две на раководно работно место;

— да има виша или средна угостителско-туристичка подготовка со работно искуство од над 6 години, од кои 4 на раководно работно место;

— да поседува морално-политички квалитети, и организаторски способности и да е афирмиран борец за самоуправувањето.

Конкурсот е отворен 15 дена по објавувањето.

Молбите се доставуваат до Комисијата при Домот во Струга.

СОВЕТОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР ГЕВГЕЛИЈА

распишува

КОНКУРС

За испраќање лекар на специјализација по следната специјалност:

— еден по неуропсихијатрија.

УСЛОВИ:

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

— да имаат завршено медицински факултет;

— да имаат положено стручен испит;

— да познаваат еден од светските јазици;

— да имаат поминато на работа во Центарот најмалку 4 (четири) години.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до Советот на Медицинскиот центар — Гевгелија.

Личниот доход се одредува според Правилникот за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето, односно од денот на испраќањето на специјализација. (529)

Собирот на работните луѓе на ООЗТ „Раец“ во состав на Агрокомбинатот „Тиквеш“ — Кавадарци, врз основа на донесената одлука

распишува

КОНКУРС

за избор на инокосен работоводен орган — раководител на ООЗТ „Раец“

Покрај општите услови предвидени со законот, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршено земјоделски факултет и над 4 години работно искуство во струката;

— да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности;

— да не е осудуван и да не е под истрага;

— да нема некоја со закон предвидена пречка за работење на раководно работно место.

Пријавите со потребната документација за докажување на горенаведените услови се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот до Секторот за општи, правни и кадровски работи при АК „Тиквеш“ — Кавадарци, со назнака до „Конкурсната комисија“ за избор на раководител на ООЗТ „Раец“, „Индустриска“ бб.

Некомплетираните документи нема да бидат земани во разгледување. (537)

Собирот на работните луѓе на ООЗТ „Ладилник“ во состав на Агрокомбинатот „Тиквеш“ — Кавадарци, врз основа на донесената одлука

распишува

КОНКУРС

за избор на инокосен работоводен орган — раководител на ООЗТ „Ладилник“.

Покрај општите услови предвидени со законот, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршено земјоделски факултет и над 3 години работно искуство во струката;

— да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности;

— да не е осудуван и да не е под истрага;

— да нема некоја со закон предвидена пречка за работење на раководно работно место.

Пријавите со потребната документација за докажување на горе наведените услови, се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот до Секторот за општи, правни и кадровски работи при АК „Тиквеш“ — Кавадарци со назнака до „Конкурсната комисија“ за избор на раководител на ООЗТ „Ладилник“, ул. „Индустриска“ бб.

Некомплетираните документи нема да бидат земани во разгледување. (536)

Врз основа на член 110 став 1, член 112 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Советот на Факултетот за музичка и драмска уметност во Скопје

распишува

ПОВТОРЕН

КОНКУРС

за избор — преизбор на наставници со неполно работно време по следните предмети:

I. За музичките оддели:

— еден наставник во сите звања по предметот кларинет,

— еден наставник во сите звања по предметот контрабас,

— еден наставник во сите звања по предметот тромбон,

— еден наставник во сите звања по предметот флејта,

— еден наставник во сите звања по предметот ударалки,

— еден наставник во сите звања по предметот музички фолклор,

— еден наставник во сите звања по предметот историја на уметноста.

II. За драмски оддел:

— еден наставник во сите звања по предметот историја на македонска драма и театар со македонска литература — избор;

— еден наставник во сите звања по предметот мечување.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите од Законот за високото образование на СРМ. Покрај пријавата таксирана со 4 динари таксени марки, кандидатите поднесуваат: диплома за завршен соодветен факултет и кратка биографија.

Предимство имаат кандидатите со објавени научни или стручни трудови, уметничка и педагошка дејност од својата специјалност (во три примероци).

Молбите со документите се поднесуваат до Деканатот на Факултетот за музичка и драмска уметност во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Конкурсот. (1)

Врз основа на член 80 и 83 од Статутот, Работничкиот совет на работната организација „РИД-ТЕКС“ — Прилеп

распишува

КОНКУРС

за именување директор на работната организација (реизбор)

Покрај општите услови, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

1. да има висока или виша стручна подготовка од економска насока;
2. да има најмалку 6 години работно искуство, од кое најмалку 4 години на раководно работно место;
3. во досегашната работа да покажувал работни и организациони способности;
4. да поседува морално-политички подобности за вршење на должноста индивидуален работоводен орган;
5. да не е осудуван за кривични дела и да не се води кривична постапка.

Кон пријавата кандидатите се должни да ги достават потребните документи.

Пријавите се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на СРМ“ до конкурсната комисија. (2)

Врз основа на член 60 и 61 од Самоуправната спогодба за здружување во деловна заедница и член 59 и 60 од Статутот на Деловната заедница за памучарство, градинарство, овоштарство и семенарство „Југопамук“ — Струмица, Собранието на Деловната заедница

распишува

КОНКУРС

за избор на директор на Деловната заедница „Југопамук“ — Струмица

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени со Законот и условите од Општествениот договор за кадровската политика, кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

— да има завршено земјоделски или економски факултет;

— да има најмалку 5 години работно искуство на раководни работни места;

— да поседува морално-политички квалитети.

Молбите со потребната документација да се доставуваат до Деловната заедница „Југопамук“ — Струмица, со дознака до Конкурсната комисија.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Некомплетираните документи нема да се земаат предвид при разгледувањето. (3)

Врз основа на член 68 и член 77 точка 8 од Статутот на Градежно-занаетчиската работна организација „Братство“ — Скопје, Работничкиот совет на работната организација

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Директор (реизбор),
2. Шеф на книговодство.

УСЛОВИ:

Покрај општите услови за вработување предвидени со ЗЗТ и ЗРО, кандидатите треба да ги исполнат и следните посебни услови:

— за работното место под 1 да имаат завршено висока или виша стручна подготовка (градежен, архитектонски, правен или економски факултет) и 5 години работно искуство на раководни работни места или средна стручна подготовка и најмалку 10 години работно искуство на раководни работни места (техничка или економска школа);

— за работното место под 2 да имаат завршено економски факултет и 2 години работно искуство, виша економска школа и 5 години работно искуство или средна економска школа и 8 години работно искуство;

— да имаат организаторски способности и морално-политички квалитети;

— да не е осудуван за кривични дела од член 511 од ЗЗТ.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до Конкурсната комисија при Градежно-занаетчиската работна организација „Братство“ — Скопје.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (4)

Собирот на работните луѓе на ООЗТ „Димката Габерот“ — с. Ваташа во состав АК на „Тиквеш“ — Кавадарци, врз основа на донесената одлука

распишува

КОНКУРС

За избор на инокосен работоводен орган — раководител на ООЗТ „Димката Габерот“.

Покрај општите услови предвидени во Законот кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има висока стручна подготовка — земјоделски факултет и најмалку 4 години работно искуство;

— или виша стручна подготовка — земјоделска насока и 4 години работно искуство во струката;

— да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности;

— да не е осудуван и да не е под истрага;

— да нема некоја со закон предвидена пречка за работење на раководно работно место.

Пријавите со потребната документација за докажување на горенаведените услови се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот до Секторот за општи, правни и кадровски работи при АК „Тиквеш“ — Кавадарци со назнака: „Конкурсна комисија за избор на раководител на ООЗТ „Димката Габерот“, улица „Индустриска“ бб“.

Некомплетираните документи нема да бидат земани во разгледување. (5)

Комисијата за избори и именувања на Собранието на општина Кавадарци, врз основа на член 73 став 1 и член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“, бр. 10/76)

објавува

дека ќе врши избор на судија на Општинскиот суд — Кавадарци

Услови:

Покрај општите услови предвидени со член 168 од Законот за здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 53/76), кандидатот треба да ги исполнува и посебни[illegible]видени во член 74 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“, бр. 10/76).

Пријавите се поднесуваат до Собранието на општината Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија“. (6)

Д ЖИ А

1. Одлука за групно помилување по повод Новата 1979 година — — — — — — — 1
2. Одлука за помилување на осудени лица — 3
3. Одлука за именување секретар на Советот на Републиката — — — — — — — 4
4. Одлука за именување советник на Претседателството на СРМ — — — — — 4
5. Одлука за именување советник на Претседателството на СРМ — — — — 4
6. Одлука за изменување на распоредот на средствата за посебни намени во Републичкиот буџет за 1978 година — — — 4
7. Одлука за користење на средства од постојаната резерва на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 5
8. Наредба за пропишување на потсметки на уплатените сметки како и за утврдување на преодни сметки и на збирни стапки за уплатување на придонесите од личниот доход од работен однос и од доходот — 5
9. Упатство за следење на примената на самоуправните спогодби за заедничките основи и мерила за распоредување на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи — — — — 10
10. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 89/78 од 14 ноември 1978 година — 13
11. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. б . 88/78 о 8 ноемв и 1978 го ина — — 14

Општи акти на самоуправните интересни заедници

1. Одлука за валоризирање на единствени цени од амбулантно-поликлиничката и аптекарската дејност и болничкото лекување по болнички ден во Социјалистичка Република Македонија во 1979 година — — 15
2. Одлука за утврдување на најнискиот износ на надоместок на трошоците за закон на, осигурено лице — — — — — — 15
3. Одлука за утврдување на најнискиот износ на дневниците на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — — — — — — — 15
4. Одлука за утврдување најнискиот износ на помошта за спрема на новородено дете 16
5. Одлука за утврдување стапките на придонесите за обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година — — — — 16
6. Одлука за утврдување стапките на придонесите за обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година — — — 16
7. Одлука за утврдување стапките на придонесите за обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година — — — 16
8. длука за утврдување стапките на придонесите за обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година — — — — 17
9. длука за утврдување стапките на придонесите за обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година — — — 17
10. Одлука за утврдување стапките на придонесите за обезбедување средства за задоволување потребите и интересите во научните дејности за 1979 година — — — 17
11. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница на физичката култура — — — — — — — — — — 17
12. Одлука за постојаните износи на придонесите на здравственото осигурување на одделни категории на осигуреници — — 18
13. Одлука за продолжување важноста на одлуката за стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците за 1978 година — — — — — — — 19
14. Одлука за утврдување стапките на придонесите од личните доходи за предучилишното и основното воспитание и образование за 1979 година — — — — — 19
15. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци — — — 19
16. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување на стапката на придонесите за здравствено осигурување на работниците — — — — — — — — 20
17. Одлука за утврдување стапката на придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1979 година — — — — 20
18. Одлука за патни трошоци на земјоделците — осигуреници — — — — — — 20
19. Одлука за надоместок на трошоците за закон на осигурените лица — земјоделци 21
20. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци за 1979 година — — — — — — — — — — 21
21. Одлука за постојаните износи на придонесите за з авствено осиг вање на о - делни категории лица надвор од работен дн с сигу ени по п описите за з равствено осигурување за 1979 година — — 21
22. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците — — — — — — — — — 22
23. Одлука за висината на износот на помошта за спрема на новородено дете — — — 22
24. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закон на осигурените лица 22
25. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување височината на стапките на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1978 година и во 1979 година — — — — — — — — — 23
26. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за височината на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците за 1978 година и во 1979 година — — — 23
27. Одлука за висината на износот на надоместокот на трошоците за закон на осигурено лице — — — — — — — — — 23
28. Одлука за висината на износот на дневниците и трошоците за превоз на осигурените лица кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место — — — — — — 24
29. Одлука за висината на износот на помошта за спрема на новородено дете — — — 24
30. Одлука за стапките и придонесите на Заедницата на културата во 1979 година — 24
31. Одлука за утврдување стапката на придонесот за станбена изградба — — — — 25
32. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1979 година — — — — — — — — 25
33. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за висината на стапките и износите на придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1979 година — — — — — — — — — — 25
34. Одлука за утврдување на постојаните износи на придонесите за здравственото осиг вање на о елни катего ии ли а — 26

Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје